20262534571

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21, 74/24 и 16/25) и точка 62 од Одлуката за извршување платежни трансакции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 84/25 и 120/26) гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ХАРТИЕНАТА ФОРМА НА ПЛАТНИТЕ НАЛОЗИ, СОГЛАСНОСТА ЗА ДИРЕКТНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ И ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПЛАТЕЖНАТА СМЕТКА, ЛИСТАТА НА ШИФРИ ЗА ЦЕЛТА НА ПЛАЌАЊАТА И СОДРЖИНАТА НА ИНФОРМАТИВНИОТ ЛЕТОК ЗА ПЛАТЕЖНАТА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ

1. Во Упатството за хартиената форма на платните налози, согласноста за директно задолжување и овластувањето за пренесување на платежната сметка, листата на шифри за целта на плаќањата и содржината на информативниот леток за платежната сметка со основни функции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.105/25) во точката 9 став 1, алинеја 3 по зборовите: „Исто така,“ се додаваат зборовите: „во првиот ред од елементот“.

2. Во точката 13, став 1, алинеја 3 по зборовите: „Исто така,“ се додаваат зборовите: „во првиот ред од елементот“.

3. Во точката 17, став 1, алинеја 3 по зборовите: „Исто така,“ се додаваат зборовите: „во првиот ред од елементот“, а по зборот „документот,“ се додаваат зборовите: „на фолио бројот,“.

4. Во точката 25, став 1, алинеја 14 по зборовите: „Исто така,“ се додаваат зборовите: „во првиот ред од елементот“, а по зборот „документот,“ се додаваат зборовите: „на фолио бројот,“.

5. Во точката 29, став 1, алинеја 4 по зборовите: „Исто така,“ се додаваат зборовите: „во првиот ред од елементот“, а по зборот „документот,“ се додаваат зборовите: „на фолио бројот,“.

6. Во точката 43, по ставот 2 се додаваат нови ставови: 3, 4, 5 и 6, кои гласат:

„Платните налози поднесени кај давателот на платежни услуги пред датумот на започнување на примената на ИСО-стандардот „20022 XML“ за размена на налози за пренос во платниот систем за плаќање и порамнување големи и итни плаќања МИПС, а со датум на извршување на тој датум или по него, се извршуваат во платните системи во земјата согласно одредбите на ова упатство што се применуваат од датумот утврден во ставот 2 од оваа точка, без потреба од нивно повторно поднесување на новите обрасци.

При извршувањето на платните налози од ставот 3 од оваа точка, давателот на платежни услуги ги приспособува податоците содржани во налогот на соодветните податочни елементи на платната порака, во согласност со техничките барања за размена на платни пораки во соодветниот платен систем.

Доколку платниот налог од ставот 3 од оваа точка не содржи податок којшто не бил задолжителен во моментот на неговото поднесување, давателот на платежни услуги постапува на следниов начин:

а) доколку соодветниот податочен елемент не е задолжителен во платната порака, не е должен да го внесе;

б) доколку соодветниот податочен елемент е задолжителен во платната порака, давателот на платежни услуги може да го внесе со вредност за тој податочен елемент којашто е дозволена и ги исполнува техничките барања за размена на платните пораки во соодветниот платен систем.

Постапувањето од ставовите 3, 4 и 5 од оваа точка се применува исклучиво за платните налози од ставот 3 од оваа точка и не претставува исклучок од обврската за внесување на задолжителните податоци во платните налози поднесени од датумот на започнување на примената на ИСО-стандардот „ISO 20022 XML“.

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 02-34610/1
28 октомври 2026 година
Скопје

Гувернер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.